РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-25
05.12.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До:**

**Предмет:** **Одговор на Претставка за рекламна кампања на Телеком**

Почитуван,

Агенцијата ја прими Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/25 од 27.11.2024 г.) во врска со емитувањето реклама на Телеком на програмите на радиодифузерите, за која барате да биде означена со предупредување. Во претставката немате наведено за која точно реклама се работи, на кој медиум се емитува, ниту на кој дел од содржината имате забелешка, но веројатно станува збор за новогодишната кампања на Телеком со пораката „Поврзувањето почнува кога бариерите ќе се скршат". Оваа реклама, во моментов ја емитуваат повеќе радиодифузери во земјата, а таа се емитува во вкупно десет земји, односно кај нас и во Германија, Австрија, Словачка, Хрватска, Црна Гора, Полска, Романија, Чешка и Унгарија. Според јавно достапните информации, Телеком се определил да го рекламира својот бренд преку апел за социјална кохезија, поголема толеранција, намалување на омразата и провокациите, дискриминацијата, расизмот и екстремизмот, со заложба за поврзување на луѓето, општествата и културите.

Агенцијата не утврди одговорност на медиумите кои ја емитувале кампањата без сигнализација за заштита на малолетните лица, оти во овој случај, се работи за содржина која нема потреба да биде означена со аплицирање предупредувачка сигнализација. Исто така, рекламната кампања е реализирана во рамки на правилата и стандардите за рекламирање и не ги прекршува одредбите од членот 53 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**